**ЗАПИСНИК**
**од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.05.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:20 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.05.2023 година.
2. Предлог за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка - услуга: Одржување на хигиена.
3. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски објасни дека Предлог-записникот од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.05.2023 година поради разбирливи технички причини ќе се одложи за пред почетокот на следната седница.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка - услуга: Одржување на хигиена. Објасни дека оваа јавна набавка се објавува по втор пат. При првото објавување

немаше доставено ниту една понуда, а на второто објавување беа доставени понуди од 7 понудувачи. На електронската аукција не учествуваше активно ниту еден од понудувачите што значи дека е направено рангирање од седумте понуди кои беа доставени. Износот на компанијата која има најдобра понуда е 1.170.000,00 денари која за износ од 370.000,00 денари без ДДВ го надминува износот на предвидените средства. Објасни дека овие средства се обезбедени со ребалансот на Финансискиот план за 2023 година кој беше усвоен на претходната седница. Од таа причина се предлага Советот да даде одобрување за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка-услуга: Одржување на хигиена за потребите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка-услуга: Одржување на хигиена за потребите на Агенцијата, а следствено на тоа и за изменување на Одлуката за потреба од јавна набавка, со текст како што беше предложена.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-2232/3

05.06.**2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**